Сликарите се имуни на балканското политичко лудило




Изложбата „Реинк Б.а.л.к.а.н Арт“ што ќе биде отворена утревечер во 20 часот во Музејот на град Скопје во организација на асоцијацијата за уметност и култура „Арт фактор“ ја претставува убавата слика на Балканот, обременет с? уште со низа негативни стереотипи за неговите вредности. Изложбата обединува 11 реномирани автори од регионот и 6 автори од Македонија како земја домаќин и го претставува уметничкиот контекст на Балканот по големите општествени поместувања што ги предизвикаа последните балкански војни, уметноста и уметничката продукција на овој регион и уметноста што се создава денес, по сите политички премрежиња. Може ли уметноста да ги урне границите што постојат меѓу државите, може ли таа да биде појдовна точка во надминување на ограничувањата и конечно да се постави како контрапункт и терапија која ги поништува бариерите? Домашните уметници, дел од нив учесници на изложбата, се оптимистички по ова прашање.

- Овој тип на соработка, регионална, е многу полесно остварлив поради километражата, атмосферата на близината што се создава меѓу соседските земји, а потоа и поради сличните размислувања, навики и искуства од минатото, како што се воените немири. Не мислам дека со ваква соработка се затвораме во еден изолиран простор, напротив ова е можност повторно да се сретнеме и да се преиспитаме по пауза од подолго време – вели Тања Балаќ, учесничка на „Реинк Б.а.л.к.а.н Арт“.

Според Балаќ, ваквите средби секогаш отвораат можност за нови контакти, за следни патувања, за размена на искуства и идеи.

- Многу е пријатно дека сите учесници доаѓаат на отворањето на изложбата. Ретки се ваквите изложби, одамна сме немале вакво дружење. За мене како автор е многу важно да се сретнам со уметниците од другите земји кои создавале на истата тема – вели Балаќ.

Според неа, гостувањата се с? поретки бидејќи тие секогаш се врзани со буџетски пари, кои поради кризата се намалени.

- Соработка на Балканот има, но во голема мера е индивидуална работа и зависи од тоа каков човек си длабоко во себе. Но, секако дека е пологична и поостварлива тука во регионот отколку, поради низа причини, во европски, па и светски размери – вели Маријета Сидовски, уметница која ќе се претстави на изложбата и претставничка на асоцијацијата за уметност и култура „Арт фактор“.

Обидите од ваков тип, вели таа, може да придонесат за развој на нов квалитет, никако да создадат нови предрасуди.

- Основното што н? поврзува е низок стандард и проблеми околу квалитетната презентација на делата. С? потешко се прават самостојни изложби надвор поради астрономските суми потребни за подготовка и реализација – вели Сидовски.

Насловот на изложбата, вели таа, може да се сфати и како своевидна реинкарнација на регионот, реинкарнација во смисла на обновување на контакти, на размена на искуства, изложби и гостувања.

- Во таа смисла реинкарнација, да! Иако во контекст на изложбата реинкарнацијата е лајт мотив за создавање уметничко дело, нов живот од веќе стари отфрлени работи. Но, се разбира, изразот е модерен и приспособен на современите текови во уметноста – вели Сидовски, додавајќи дека посетата на ваква изложба, подготвена заради уметност како врвна цел, е половина час квалитетно потрошено време.

За Гоце Божурски, историчар на уметност, сликар и автор на текстот од каталогот, идејата на „Арт фактор" ја покажува некомпромисната определеност на оваа асоцијација да се донесе одделен сегмент од актуелната современа продукција на балканските земји.

- Тоа е предизвик сам по себе. Особено во ова време на силно изразена рестриктивност, повлекување кон себе и самоизолационизам – вели Божурски.

Според него, значењето на овој ликовен собир е уште поголемо бидејќи кај нас, па и пошироко, мошне ретко се среќаваат ликовни поставки преку кои се прави обид да се протолкува одреден естетски феномен.

Изложбата не е збирка од собрани дела туку сите уметници творат на иста тема - вдахнување нов „уметнички" живот на отпадни и амбалажни предмети кои ја изгубиле употребната вредност.

- Се наметна непоколеблива решеност да се изнајде заемен пулсирачки флуид кој ќе ги обединува релевантните национални претставници од регионалниот кампус. На извесен начин, проектот е поттикнат и се надоврзува на претходни претставувања на балканските автори – вели Божурски.

Според него, етимологијата на насловот „Реинк. Б.а.л.к.а.н. Арт" упатува на ангажиран однос кон претпоставено оживување на одделни завршени историски епохи и процеси, но, всушност, целта на изложбата е реинкарнација на „отфрлените, изумрените" предмети кои ја изгубиле својата примарна функција.

Ова е прва од низата планирани изложби под насловот „Реинк Б.а.л.к.а.н Арт". Учесници од Македонија се уметниците: Ибрахим Беди, Гоце Наневски, Маријета Сидовски, Осман Демири, Тања Балаќ и Владо Костов, а од регионот доаѓаат Бора Петкова од Бугарија, Богдан Пелмус и Магде Пелмус од Романија, Умит Озтурк од Турција, Слободан Роксандиќ и Владимир Периќ од Србија, Тијана Џујевиќ - Лисчевиќ од Црна Гора, Енис Заими од БиХ, Исмет Јонузи и Зени Балазхи од Косово и Дорина Арапи од Албанија.

Грчките уметници не доаѓаат

На изложбата „Реинк Б.а.л.к.а.н Арт" нема претставник од Грција. - Со грчкото здружение немаме соработка иако повеќепати сме се обраќале на уметници да учествуваат на наши меѓународни изложби. Само еднаш еден грчки автор се одзва на поканата, инаку вообичаено тие не одговараат на нашите покани - вели Тања Балаќ, претседателка на ДЛУМ. ДЛУМ има потпишано меморандум за соработка само со бугарското здружение на ликовни уметници. - Имаме соработка и со асоцијациите од други земји но без меморандум или без таква обврска. Сепак, не мислам дека соработката не е можна бидејќи уметноста не познава граници, уметниците го апстрахираат моментот на политичко лудило – вели Балаќ.